*Почитувани,*

*Добредојдовте во Собранието на Република Северна Македонија.*

*Ни претставува посебна чест и задоволство што одлучивте да го посетите законодавниот дом, кој претставува значајно обележје на македонската државност.*



*Преку организирана обиколка на свечениот дел од објектот, ќе имате можност да се запознаете со историјата на зградата, внатрешноста и најрепрезентативните простории, како и со организацијата и функционирањето на институцијата Собрание на Република Северна Македонија.*

**Содржина:**


Што претставува Собранието на Република Северна Македонија? .... 2

Зградата на Собранието низ историјата ............................................... 7

Внатрешноста на зградата на Собранието на Република Северна Македонија.................................................................................................. 11

Претседатели на Собранието .............................................................. 23

Отворен ден во Собранието на Република Северна Македонија ...... 26

# Што претставува Собранието на Република Северна Македонија?

Собранието на Република Северна Македонија е еднодомно претставничко тело на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Основна надлежност на Собранието е донесување закони со кои правно се уредуваат општествените односи и се пропишуваат права, обврски и одговорности за општествените субјекти.

Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници, кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување Мандатот на пратениците трае четири години и тие не можат да бидат отповикани.

Организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот, Законот за Собранието и со Деловникот на Собранието.

Собранието на Република Северна Македонија:

- го донесува и изменува Уставот;
- донесува закони и дава автентично толкување на законите;
- ги утврдува јавните давачки;
- донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот;
- донесува просторен план на државата;
- ратификува меѓународни договори;
- одлучува за војна и за мир;
- донесува одлуки за менување на границите на земјата;
- донесува одлуки за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;

- распишува референдум;
- одлучува за резервите на државата;
- основа совети;
- избира Влада на Република Северна Македонија;
- избира судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија;
- врши избирање, именување и разрешување и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон;
- врши политичка контрола и надзор над Владата и над други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;
- дава амнестија и
- врши други работи утврдени со Уставот.

Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци.

## РАБОТА НА СОБРАНИЕТО

Собранието на Република Северна Македонија е во постојано заседание и работи на седници. Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

Седниците на Собранието ги свикува и со нив претседава претседателот на Собранието. Седниците се јавни, но Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста, за што е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Седниците по правило се одржуваат од 11:00 до 18:00 часот со пауза од еден час, ако претседателот на Собранието за одделни седници поинаку не одлучи.



Претседателот на Собранието може да свика седница и по барање на претседателот на Републиката, на Владата и на најмалку 20 пратеници.

## РАБОТНИ ТЕЛА (КОМИСИИ)

Заради детално разгледување на предлозите на законите и останатите прашања во надлежност на Собранието, во негови рамки се формираат постојани и повремени работни тела кои придонесуваат за негова поефикасна работа.

Постојаните работни тела (комисиите) се основаат на почетокот на мандатот на Собранието и функционираат во текот на целиот мандат, додека повремените се формираат по потреба. Работните тела се основаат со одлука на Собранието.

Работните тела се конституираат по области, така што предлозите на законите и други акти ги разгледуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија. За секое прашање што го разгледува, работното тело зазема став и поднесува извештај до Собранието.

Составот на работните тела се утврдува во зависност од бројот на пратениците во пратеничките групи, пратениците кои не се организирани во пратеничка група и во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

## КОНТРОЛНА И НАДЗОРНА ФУНКЦИЈА НА СОБРАНИЕТО

Политичката контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието е една од уставно утврдените надлежности на Собранието на Република Северна Македонија. Поважни механизми за остварување на оваа контролна и надзорна функција на Собранието се следните: пратенички прашања, интерпелација, анкетни комисии, изгласување недоверба на Владата и надзорни расправи.

Секој пратеник има право на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на член на Владата и на други носители на јавни функции кои се одговорни пред Собранието да им постави прашање што се однесува на нивната работа или на работа од нивната надлежност. За поставување пратенички прашања се свикува посебна седница на Собранието, секој последен четврток во месецот.

Интерпелација можат да постават најмалку пет пратеници во врска со работата на конкретен носител на јавна функција, Владата и секој нејзин член поединечно, како и во врска со прашања од работата на државните органи.

Собранието може да основа анкетни комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Предлог за основање анкетна комисија може да поднесат најмалку 20 пратеници.

Прашање за доверба на Владата може да постават најмалку 20 пратеници, во писмена форма и со образложение на причините. Собранието може да изгласа недоверба со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Надзорните расправи се одржуваат за да се добијат информации и стручни мислења во врска со утврдувањето и спроведувањето на политиките, извршувањето на законите и другите активности на



Владата и на органите на државната управа. Надзорната расправа ја спроведува матичното работно тело во чиј делокруг спаѓа прашањето што е предмет на надзорната расправа.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Седниците на Собранието можат да се следат во живо на Собранискиот канал на Македонската радио-телевизија, како и на интернет, преку интернетската страна на Собранието <www.sobranie.mk>.

Претставниците на средствата за јавно информирање имаат право да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа.

Граѓаните можат да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието.

# Зградата на Собранието низ историјата

Зградата на Собранието е една од најмонументалните градби во Република Северна Македонија, изградена во 1938 година, по проект на чешкиот архитект Виктор Ј. Худак. Објектот е конципиран во модерен архитектонски стил за тоа време, во форма на надворешен петоаголник со внатрешен двор со сала.

Зградата е во употреба од 1939 година како Управна палата на тогашната локална Управа. Во периодот на Втората светска војна, во зградата биле сместени штабовите на окупациските војски и полициски сили.



По ослободувањето на Скопје во 1944 година, во зградата е сместена целокупната администрација на новата народна власт:

- Претседателот на Президиумот на Народното собрание;
- Народното собрание;
- Извршниот совет и
- Уставниот суд.

Во 1954 година, по проект на Милан Миниќ, изградени се Свечената сала и Сала 2, а ентериерно се уредени помалите сали во свечениот дел, Охридска и Струшка соба со дрворез на таваните, ѕидовите и вратите изработени од мајсторите на традиционалната резбарска школа од Охрид, како и гипсана декорација изработена од Дримколските мајстори. Малиот свечен салон, салата на Уставна комисија, ресторанот, како и кабинетите, ентериерно се уредени со ламперија во интарзија.

По земјотресот во 1963 година, зградата на Собранието беше видно оштетена, при што беа преземени соодветни зафати за нејзино санирање и реконструкција.



Во 1966 и 1967 година е реконструирана и ентериерно уредена Парламентарната сала, а изградени се и две нови сали, Сала 3 и Сала 4.

По осамостојувањето на државата во 1991 година, во зградата покрај Собранието, сместен е и Кабинетот на Претседателот на Републиката на дел од првиот кат. Во мај 2009 година, Кабинетот на претседателот на Републиката се сели во претседателската вила на Водно.

Палатата на Собранието располага со повеќе Сали за седници, Кабинети на претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, на потпретседателите, на претседателите на комисиите, на координаторите на пратеничките групи, на генералниот секретар на Собранието и неговите заменици, како и на раководителите на стручните служби и на секторите.

Во 1994 година е изведено ентериерно уредување на Кабинетот на претседателот на Собранието, како и на холот пред кабинетот.

Во 1998 и 1999 година е изведено ентериерно уредување на Парламентарната сала (Сала 1), со што салата го добива денешниот изглед.

Во 2003 година извршени се крупни зафати. Изведена е реконструкција на електричната инсталација, поставена е комплетна противпожарна инсталација, променета е целокупната телефонска мрежа, светлосното решение во целата зграда, поплочување на ходниците со гранитни подови, спуштени плафони, поставени се нови контролни врати, а направена е и реконструкција на санитариите и пријавницата.

Во 2004 година, во склоп на Собранието отворена е Спомен соба по повод 60-годишнината на I-то заседание на АСНОМ.

Во 2005 година реализиран е проектот за влегување и непречено движење на лица со посебни способности низ објектот на Собранието, со поставување на пристапна рампа на влезот Пријавница, лифт поставен на фасадата од внатрешниот двор и четири елеватори - подвижни платформи на внатрешните скали, како и посебен влез со рампа за ресторанот во сутерен.

Во периодот од 2010 до 2016 година реализиран е проект за доградба, надградба, адаптација и зајакнување на објектот на Собранието.

Доградбата претставува нов објект на пет нивоа во средишниот дел од зградата. На приземјето и трите ката распоредени се 24 работни простории, лифт, два скалишни



простора и два моста за врска со сите катови од постојниот објект. На најгорното четврто ниво изведена е повеќенаменска сала под големата купола.

Согласно потребите, континуирано се прават интервенции во функција на подобрување на условите за работа на пратениците и Службата на Собранието и создавање современ и модерен простор за одвивање значајни и високи протоколарни активности, при што се води сметка за зачувување на автентичноста на зградата како споменик на културата.



Зградата на Собранието на Република Северна Македонија е заштитена со Законот за заштита на спомениците на културата и претставува едно од најзначајните обележја на градот Скопје и на државата.

# Внатрешноста на зградата на Собранието на Република Северна Македонија

## ГЛАВЕН ВЛЕЗ НА СОБРАНИЕТО

Главниот влез на Собранието е од протоколарен карактер и го користат претседателот на Собранието, потпретседателите,



пратениците, претседателот и членовите на Владата, Претседателот на државата, високи државни функционери, странски делегации и претставниците на дипломатскиот кор.

Ѕидовите од левата и десната страна на главниот влез, се украсени со три копии на фрески:





„**Причестување на апостоли**“, изработена во 1982 година од страна на Никола Цонев, на платно со темпера, а претставува копија на фреска од 1271 година од црквата „Свети Никола“, во мариовското село Манастир;

**„Предавството на Јуда“** и **„Качување на крстот“**, изработени во 1974 година од страна на Ганчо Бошковски, на платно со темпера, а претставуваат копии на фрески од 1295 година од црквата **„Богородица Перивлепта (Свети Климент)“** во Охрид.

Главните скали во Собранието водат кон Кабинетот на претседателот на Собранието. Скалите се изработени од македонски мермер, во бела боја за скалите и сива боја за оградата. На ова место, по изборот на нова Влада, се прави првата заедничка фотографија на членовите.



Од двете страни на главните скали се поставени скулптурите **„Жена со тутунска низа“** и **„Оплакување“**, изработени од страна на истакнатиот македонски уметник Димо Тодоровски, во 1960 и 1970 година.

Во рамките на главниот влез поставена е плоча на која е забележан датумот 16 април 1945 година, кога во Собранието е донесен Закон од Собранието и со Указ на Президиумот на Собранието формирана е првата народна влада на Македонија. Со тоа, АСНОМ се преименува во Народно собрание на Македонија.

## САЛА МАКЕДОНИЈА



Салата се користи од 1945 година наваму за одржување на пленарните седници на Собранието. Салата е изградена во 1938 година. Првата реконструкција на салата е направена во 1967 година, а сегашниот ентерир е изведен во 1998 и 1999 година.

Со реконструкцијата во 1999 година, кога салата го добива денешниот изглед, воведени се систем за електронско гласање и говорење и видео систем, со фиксни камери за директен телевизиски пренос. Во ноември 2015 година, салата е преименувана од „Сала 1“ во сала „Македонија“. Седиштата во салата се поделени во три дела. Седиштата обложени со кожа во сина боја се наменети за пратениците, додека седиштата во десниот дел обложени со кожа во виолетова боја се за претставниците на Владата. Пратениците од политичките партии кои се дел од владеачкото мнозинство седат во средниот ред и во

делот зад претставниците на Владата, додека пак, пратениците од политичките партии кои се во опозиција седат во левиот ред.

Салата содржи и галерија, која на редовни седници на Собранието ја користат новинари и други посетители, а за свечени седници - претставниците на дипломатскиот кор во државата (амбасадори на странски држави акредитирани во Република Северна Македонија). Одвоениот дел на Галеријата е за претседателот на Републиката и претставниците на неговиот Кабинет. Под галеријата има две посебни кабини технички опремени за телевизиски и радио пренос и две кабини за симултан превод.



За време на реконструкција на салата во 1999 година, ѕидовите на пленарната сала се украсени со четири мозаици изработени во византиска техника од познатиот уметник Газанфер Бајрам. Ѕидот од левата страна го красат мозаиците наречени **„Химна“** и **„Македонски Орфеј“**, а од десната страна мозаиците **„Кругови на цивилизацијата“** и **„Свадбена поворка“**.

   

## САЛА НА ВЛАДА

Салата е ентериерно уредена во 1999 година, а ја користи Владата на Република Северна Македонија за нејзини потреби во време на одржување на седниците на Собранието. Во другите денови салата е повеќенаменска и се користи за протоколарни работи, потпишување изјави, седници на работните тела на Собранието, работни состаноци и други активности.



## КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО

Кабинетот е ентериерно уреден со првата реконструкција на објектот на Собранието во 1954 година, по проект на архитектот Милан Миниќ, со ламперија во интарзија и тавани со гипсани декорации изработени од Дримколските мајстори. Мебелот со апликации од резба е направен во 1993 година.



Претседателот на Собранието го користи Кабинетот како свој работен простор од мај 2009 година, а претходно Кабинетот го користеа досегашните претседатели на Републиката.

## САЛА ДЛАБОРЕЗ



Салата е дел од Кабинетот на претседателот на Собранието и се користи за протоколарни потреби на претседателот. Декорацијата на салата е проектирана во периодот од 1935 до 1937 година од страна на Драгутин Инкиостри Медењак, а изведена во 1938 година од Глиша Костовски, столар и резбар од Тетово. Ѕидовите и таванот целосно се обложени со дрво во плитка и длабока резба од ореово дрво, со вградена орнаментална содржина и аплицирани геометриски, вегетабилни, зооморфни и други мотиви. На средината на просторот е поставен грбот на Република Северна Македонија и државното знаме. Во чест на првиот претседател на Президиумот на Собранието, Методија Андонов Ченто, во просторијата е поставена негова скулптура.

## ХОЛ НА ПОРТРЕТИ

Холот се наоѓа пред Кабинетот на претседателот на Собранието, а е изведен и ентериерно уреден во 1954 година. Во 2000 година, во холот се поставени портретите на сите претседатели на Собранието, од 1945 година до денес. Портретите се изработени во техника масло на платно од познати македонски ликовни уметници.



Холот се користи за давање на изјави од страна на претседателот на Собранието и неговите гости. Во просторијата поставена е книга на впечатоци, во која гостите ги запишуваат впечатоците од посетата на Собранието.

## КРИСТАЛНА САЛА



Салата е изградена во 1954 година, како доградба во дворот на Собранието, а сегашниот изглед го добива во 2001 година, кога е извршено ентериерно уредување. Се користи за протоколарни активности, како што се меѓународни конференции, свечени приеми, коктели и доделувања на награди. Името го добива по петте висечки лустери изработени со оригинал кристали. На левиот ѕид има големо огледало во оригинал форма, додека на десниот ѕид е сместена резба во дрво на тема „Сердарот“, изработена од авторот Боро Митриќески.

Во Кристалната сала се доделуваат високите државни награди: „11 Октомври“ (на 11 октомври), „Св. Климент Охридски“ (на 8 декември), „Гоце Делчев“ (на 4 мај), „Мито Хаџивасилев Јасмин“ (на 21 декември) и „Мајка Тереза“ (на 26 август).

## ХОЛ ПРЕД КРИСТАЛНАТА САЛА



Холот е изграден и уреден во 1954 година, а сегашниот изглед го добива во 2001 година. Во 2002 година во холот се поставени витрини каде се изложени подароците кои ги добиваат претседателите на Собранието за време на нивните меѓународни активности. На ѕидовите се изложени уметнички слики од познати македонски уметници.

## ОХРИДСКА САЛА



Салата е изградена во 1954 година, со првата реконструкција на свечениот дел на зградата а се користи исклучиво од страна на претседателот на Собранието за одржување на редовна координација со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи, како и за протоколарни работи, потпишување на изјави, работни состаноци и други активности.
Со ентериерното уредување во 1954 година изведена е резба на ѕидовите, таванот, вратите и столиците со народни мотиви од поднебјето на Македонија. Резбата е изработена од ореово дрво од мајстори на охридската резбарска школа и по нив салата е наречена Охридска сала.

## САЛА НА УСТАВНА КОМИСИЈА

Салата е изградена и уредена во 1954 година со лапмперија во интарзија и тавани со гипсани декорации изработени од



Дримколските мајстори. Името го добила по Уставниот суд, со оглед на тоа дека била користена од страна на судот кога истиот бил сместен во зградата на Собранието. Салата е повеќенаменска и се користи за одржување на седници на работните тела, за протоколарни активности и потпишување на документи.

## СТРУШКА САЛА

Салата е изведена во 1954 година, за време на првата реконструкција на објектот на Собранието, во резба од ореово дрво,



со присуство на народни мотиви од поднебјето на Македонија. Резбата е изработена од мајстори на струшката резбарска школа и во нивна чест е наречена Струшка сала. Салата се користи за протоколарни активности од страна на претседателот на Собранието, потпретседателите, координаторите на пратеничките групи и пратениците.

## СПОМЕН СОБА НА АСНОМ



Спомен собата посветена на АСНОМ во Собранието на Република Северна Македонија е изградена во 2004 година, по повод 60 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Во просторијата се изложени документи и артефакти од еден од најважните настани од минатото на нашата држава, одржувањето на Првото заседание на АСНОМ во манастирот „Св. Прохор Пчински“.



Дополнително, во просторијата се изложени и други значајни документи и симболи од најзначајните настани од поблиското и подалечното минато (периодот на осамостојувањето на државата, времето на СФРЈ, Народноослободителната борба, Илинденското и Кресненското востание и друго).

## САЛА БОРИС ТРАЈКОВСКИ



Салата е изградена во 1954 година, како доградба во дворот на Собранието, а се користи за одржување на седници на работните тела, надзорни и јавни расправи, конференции, семинари, координации на пратенички

групи и други активности. Во 2009 година, салата е реконструирана, при што во неа е сместен дел од книжниот фонд на библиотеката на Собранието. По повод петгодишнината од смртта на поранешниот претседател на државата, салата е преименувана од Сала 2 во сала „Борис Трајковски“.

## САЛА 3 - ПРЕС САЛА



Салата е изградена во 1967 година и на почетокот е користена од страна за потребите на тогашните собори. Во 1999 година, извршено е ентериерно уредување на салата и истата е опремена со компјутери, факс, телефони, како и интернетска линија за непречена работа на новинарите. Од 2013 година, салата е преименувана во Прес сала и е наменета за одржување на прес конференции и давање изјави од страна на пратениците пред претставниците на медиумите.

## САЛА 4



Салата е изградена во 1967 година, а ентериерно уредена во 1999 година. Се користи за одржување на седници на работните тела. Во просторијата има галерија која ја користат новинарите или други посетители. Салата е опремена со аудио систем, кабина и опрема за симултан превод и конференциски систем.

## ГОЛЕМА САЛА (САЛА ПОД ГОЛЕМАТА КУПОЛА)



На најгорното четврто ниво од Доградбата изведена е повеќенаменска сала под големата купола. Салата е опремена за одржување на меѓународни конференции со 204 места за седење. Кабините за превод и техника се изградени во стил на две македонски куќи.

Салата беше отворена во 2016 година по повод празникот 11 Октомври во рамките на свеченото отворање на новиот дел на објектот на Собранието.



## САЛИ ПОД МАЛИТЕ КУПОЛИ

Под двете мали куполи сместени се собраниски сали кои се користат за седници на работните тела на Собранието. Салите се опремени со современа аудио и видеотехника и опрема за симултан превод и за конференциски систем.





# Претседатели на Собранието



Методија Андонов – Ченто
Претседател на Президиумот на АСНОМ (1944 - 1946)



Д-р Борис Спиров
(1946 - 1947)



Д-р Димитар Несторов
(1947 - 1951)



Димче Стојанов – Мире
(1951 - 1953)



Лазар Колишевски
(1953 - 1962)



Љупчо Арсов
(1962 - 1963)


Видое Смилевски –
Бато (1963 - 1967)


Мито Хаџивасилев –
Јасмин (1967 - 1968)


Никола Минчев
(1968 - 1974)


Благоја Талески
(1974 - 1982)


Бошко Станковски
(1982 - 1984)


Ката Лахтова
(1984 - 1985)


Станко Младеновски
(1985 - 1986)


Д-р Вулнет Старова
(1986 - 1991)


Стојан Андов
(1991 - 1996)
(2000 - 2002)



**Тито Петковски**
**(1996 - 1998)**



**Д-р Саво Климовски**
**(1998 - 2000)**



**Никола Поповски**
**(2002 - 2003)**



**Љупчо Јордановски**
**(2003 - 2006)**



**Љубиша Георгиевски**
**(2006 - 2008)**



**Трајко Вељаноски**
**(2008 - 2017)**



**Талат Џафери**
**(2017 – во тек)**

.

# Отворен ден во Собранието на Република Северна Македонија

Собранието на Република Северна Македонија организира Отворен ден секој последен петок во месецот, од 10:00 до 16:00 часот.



Организираните тури за време на Отворениот ден траат околу еден час. Една група на посетители може да биде составена од најмногу 40 лица.




Заинтересираните граѓани можат да се пријавуваат најдоцна пет дена пред одржувањето на Отворениот ден, преку пополнување на апликација на следниот линк <poseti.sobranie.mk>. Собранието на Република Северна Македонија го задржува правото да го промени терминот или да го откаже Отворениот ден, за што навремено ќе ги извести пријавените посетители.

## ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

- учесниците се должни да пристигнат најмалку 15 минути пред почетокот на посетата и да ги поминат безбедносните процедури за влез во зградата;
- секој од учесниците треба да обрати внимание на облеката која ја носи (несоодветна облека вклучува: спортска опрема, куси панталони, мини-здолништа, блузи со длабоко деколте или без ракави, влечки и слични обувки);
- мобилните телефони треба да бидат вклучени на тивкиот режим на работа за целото времетраење на посетата;
- дозволено е фотографирање, но не и видео снимање во внатрешноста на зградата на Собранието на Република Северна Македонија;
- за време на обиколката, учесниците се должни да го почитуваат редот и мирот во зградата на Собранието, да не заостануваат или да се одвојуваат од групата и да ги следат инструкциите на водичот и на вработените од обезбедувањето;
- забрането е внесување на храна и пијалоци во зградата;
- пушењето цигари во зградата е забрането согласно законските прописи;
- учесниците треба да се однесуваат внимателно со имотот и инвентарот во зградата на Собранието;
- не е дозволено самоиницијативно напуштање на турата од страна на учесниците, освен во случаи на голема итност;
- непочитување на некое од правилата ќе доведе до отстранување на учесникот од зградата на Собранието.

## КАКО ДА ДОЈДЕТЕ ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА?

Зградата на Собранието на Република Северна Македонија се наоѓа во центарот на Скопје, на следната адреса: Булевар 11 Октомври, број 10. До зградата на Собранието може да се стигне со автобусите број: 3, 3а, 4, 4а, 5, 7, 7б, 16, 21, 21а, 22, 24, 33 и 41.

## ПРИСТАП И ВЛЕЗ ВО ЗГРАДАТА НА СОБРАНИЕТО

На Отворениот ден на Собранието, посетителите влегуваат од **Главниот влез** на зградата на Собранието на Република Северна Македонија со покажување на документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа). Овозможен е пристап на лица со посебни способности со помош на монтирана подвижна платформа. Вработените од обезбедувањето имаат обврска при влезот да ги проверат посетителите и личните работи што ги носат со себе.



## ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ:

Соња Стаменковска, телефон: 02/3128-227

веб портал за регистрација: poseti.sobranie.mk

e-mail: s.stamenkovska@sobranie.mk

*Публикацијата е подготвена од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт.*

*декември 2019 година*